Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги



# Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2019 година

Септември, 2020 година

## СОДРЖИНА


- Вовед
- Структура на вработените во индустријата
- Структура на вработените во МРТ
- Структура на вработените во комерцијалните телевизии
- Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

# Вовед

Анализата на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелниот медиумски сектор во 2019 година содржи податоци за вкупниот број вработени во јавниот сервис и во комерцијалните телевизии и радиостаници. Податоците се анализирани од аспект на работните места на кои тие биле ангажирани, статусот (редовен работен однос или хонорарен ангажман), полот, степенот на образование и етничката припадност.

# Структура на вработените во индустријата

Во 2019 година бројот на вработени во индустријата изнесувал 2.601 лице, од кои 814 биле ангажирани во јавниот сервис, 1.382 во комерцијалните телевизии и 405 во комерцијалните радиостаници.




хонорарно ангажирани биле 589 лица

во редовен работен однос биле вработени 2.012 лица




Македонската радиотелевизија и комерцијалните телевизии, во споредба со 2018 година го намалиле бројот на вработени, и тоа МРТ за 43 лица, а комерцијалните телевизии за 114 лица*. За разлика од нив, комерцијалните радиостаници прикажале поголем број вработени, и тоа за осум лица.

*Намалувањето на бројот на вработени во комерцијалните телевизии во најголема мера се должи на тоа што во оваа анализа не е опфатен бројот на вработени во 1 ТВ бидејќи дозволата на оваа телевизија беше одземена во ноември 2019 година, поради што немаше можност да се обезбедат податоци за неа. Бројот на ангажирни лица во 1 ТВ во 2018 година изнесуваше 80.

Најголем дел од вработените биле со високо образование - 1.280 лица. Со средно образование биле ангажирани 1.265 лица, а само 56 лица имале друг степен на образование.

Од вкупно 2.601 лице, 1.546 биле мажи, а 1.055 биле жени. Најголем број од лицата од машки пол биле ангажирани како реализатори (582 лица), а најголем број од жените работеле како новинарки (507 лица).







Од аспект на етничката припадност, 1.886 лица од вработените биле Македонци, 548 Албанци, 52 Турци, 21 Ром, 13 Власи, 46 Срби, 27 Бошњаци и осум лица биле од други националности.

# Структура на вработените во МРТ

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 232 | 168 | 55 | 9 | 214 | 18 |
| Уредници | 80 | 71 | 7 | 2 | 80 | 0 |
| Управители/директори | 5 | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 91 | 15 | 67 | 9 | 90 | 1 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 248 | 43 | 198 | 7 | 221 | 27 |
| Маркетинг | 6 | 5 | 1 | 0 | 6 | 0 |
| Преостанат кадар | 152 | 62 | 73 | 17 | 152 | 0 |
| **Вкупно** | **814** | **369** | **401** | **44** | **768** | **46** |

Во 2019 година во јавниот радиодифузен сервис биле вработени 814 лица - 564 лица во Македонската телевизија и 250 лица во Македонското радио.




Во **МТВ** во редовен работен однос биле вработени 530 лица, а хонорарно ангажирани биле 34 лица.




Во **МРА** во редовен работен однос биле вработени 238 лица, а хонорарно ангажирани биле 12 лица.

Од вработените во Македонската радиотелевизија, 358 биле жени, а 456 биле мажи. Како новинарки биле вработени речиси двојно повеќе жени од мажи. Лицата од женски пол биле побројни и кај уредниците (за 12 лица) и во категориите „маркетинг" и „преостанат кадар" (за по две лица).

Лицата од машки пол, пак, биле побројни кај управителите (за три лица), кај техничкиот кадар (за 47 лица) и кај реализаторскиот кадар (за 134 лица).



Во структурата на вработените во јавниот сервис бројот на новинари и реализатори бил приближно ист.

Новинарите учествувале со 29 % во вкупниот број вработени во МРТ. Од нив, 72 % имале високо образование, а 24 % биле со завршено средно образование.

Реализаторскиот кадар, пак, учествувал со 30 % во структурата на вработените. 17 % од реализаторите биле со високо, а 80 % биле со средно образование.




Од новинарите, 214 лица биле во редовен работен однос, а 18 биле хонорарно ангажирани. Кај реализаторскиот кадар, пак, 221 лице биле во редовен работен однос, а 27 лица работеле хонорарно.




Половина од лицата ангажирани како новинари (51 %) биле жени со завршено високо образование, а 60 % од реализаторскиот кадар биле мажи со завршено средно образование.

Што се однесува до етничката припадност, 69 % од вработените во јавниот сервис биле Македонци, 21 % Албанци, 4 % Турци, 3 % Срби и по 1 % Власи, Бошњаци и лица од други националности.

Најголем дел од вработените од македонска и албанска националност биле ангажирани како новинари (149 Македонци и 58 Албанци) и како реализаторски кадар (172 Македонци и 58 Албанци).



Структура на вработените во комерцијалните телевизии

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 452 | 370 | 81 | 1 | 304 | 148 |
| Уредници | 74 | 58 | 14 | 2 | 58 | 16 |
| Управители/директори | 45 | 36 | 8 | 1 | 40 | 5 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 132 | 30 | 101 | 1 | 105 | 27 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 415 | 97 | 318 | 0 | 356 | 59 |
| Маркетинг | 60 | 33 | 27 | 0 | 35 | 25 |
| Преостанат кадар | 204 | 56 | 144 | 4 | 136 | 68 |
| **Вкупно** | **1.382** | **680** | **693** | **9** | **1.034** | **348** |

Бројот на ангажирани лица во комерцијалните телевизии во 2019 година изнесувал 1.382. Од нив, во телевизиите коишто емитуваат програма на државно ниво биле вработени 1.022 лица, во телевизиите на регионално ниво 223 лица и во телевизиите на локално ниво 137 лица.

Во редовен работен однос биле 1.034 лица, а 348 лица биле хонорарно ангажирани.

Најбројни од вработените во редовен работен однос биле лицата ангажирани како реализатори (вкупно 356, од кои 222 лица во терестријалните телевизии на државно ниво), а хонорано ангажираните лица биле најбројни кај новинарскиот кадар (148 лица, од кои речиси половина, односно 69 лица работеле во телевизиите на државно ниво).







512 лица од вработените во комерцијалните телевизии биле жени, а 870 биле мажи.

Кај новинарите, маркетингот и преостанатиот кадар побројни биле жените, додека, пак, кај уредниците, управителите, техничкиот и реализаторскиот кадар биле ангажирани повеќе мажи отколку жени.










Од вкупно 1.382 лица во комерцијалните телевизии, најголем дел биле со средно образование, односно 693 вработени. Од нив, 46 % работеле како реализатори.

Високо образование имале 680 лица, од кои повеќе од половината (54 %) биле ангажирани како новинари. Со друг степен на образование биле само девет лица.




Според етничката припадност, во комерцијалните телевизии биле вработени 993 Македонци, 310 Албанци, 22 Бошњаци, по 17 Срби, Турци и Роми, четири Власи и двајца од други националности.

Најголем број од вработените од македонска националност (338 лица) биле ангажирани како новинари, а најголем број од вработените од албанска националност (102 лица) работеле како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар.

# Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 174 | 134 | 40 | 0 | 66 | 108 |
| Уредници | 49 | 31 | 18 | 0 | 32 | 17 |
| Управители/директори | 55 | 24 | 30 | 1 | 49 | 6 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 66 | 17 | 48 | 1 | 39 | 27 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 36 | 11 | 25 | 0 | 18 | 18 |
| Маркетинг | 14 | 7 | 7 | 0 | 2 | 12 |
| Преостанат кадар | 11 | 7 | 3 | 1 | 4 | 7 |
| **Вкупно** | **405** | **231** | **171** | **3** | **210** | **195** |

На 31.12.2019 година вкупниот број вработени во комерцијалните радиостаници изнесувал 405 лица. Од нив, 84 лица биле вработени во радиостаниците на државно ниво, 123 во регионалните и 198 во локалните радиостаници.




43 % од вработените во комерцијалните радиостаници биле новинари, и тоа 106 жени и 68 мажи. Освен кај новинарите, жените биле побројни и кај уредниците и во категоријата „маркетинг“.





Додека, пак, повеќе мажи од жени биле вработени како управители, технички, реализаторски и преостанат кадар.

52 % од вработените биле во редовен работен однос, а 48 % биле хонорарно ангажирани.

Кај радиостаниците на државно и на локално ниво поголем дел од вработените биле во редовен работен однос, додека, пак, кај регионалните радиостаници преовладувале лицата коишто биле хонорарно ангажирани.






Со високо образование во комерцијалните радиостаници биле вработени 231 лице, со средно образование 171 лице, а друг вид образование имале само три лица.

Од вкупно 405 вработени, 81 % биле Македонци, 16 % Албанци, 2 % Турци и 1 % Срби.




58 % од вработените со висока стручна спрема работеле како новинари, односно 134 лица.







Најголем број од лицата со средно образование биле ангажирани како технички кадар (48 лица).

Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2019 година

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија“ бр. 38, 1000 Скопје
Тел. 02/3103-400
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Изработила: Сања Гудеска-Здравковска
Контролирала: Катерина Доневска
Одобрила: Магдалена Д. Довлева

Согласна: м-р Драгица Љубевска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

______________________

**д-р Зоран Трајчевски**